Врз основа на член 51, став 1, алинеја 12 од Статутот на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија, Претседателството на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија на 18 септември 2025 година донесува:

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК
***за водичите на***
***Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија***

*Термините употребени во овој Правилник, а кои имаат родово значење се користат неутрално и подеднакво се однесуваат и на машкиот и на женскиот пол.*

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

(1) Овој правилник ја регулира дисциплинската одговорност на водичите на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија (во натамошниот текст: Водич на ФПСМ) за прекршување на Правилникот за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при Федерацијата за планинарство на Северна Македонија и Правилникот за организирање и водење на планинарски акции, походи и маршеви.
(2) Со Правилникот се определуваат дисциплинските мерки што ќе им се изречат на прекршителите, како и условите и постапката за утврдување одговорност и изрекување дисциплински мерки.

**член 2**

(1) Терминот „ментор“ употребен во овој правилник претставува регистриран водич на ФПСМ кој има иста или повисока категорија од категоријата што ја стекнал приправникот на приправничката акција. Менторот ја извршува функцијата ментор на приправникот на приправничката акција.

**член 3**

Водичите на ФПСМ се одговорни за прекршоци направени со намерно или небрежно однесување или пропуст.

**член 4**

Непознавањето на прописите не ја исклучува дисциплинската одговорност.

**член 5**

(1) Доколку со овој Правилник поинаку не е определено, сторителот ќе се казни и за обид за дисциплински прекршок како да го извршил дисциплинскиот прекршок. Во овој случај, сторителот може да биде казнет поблаго.
(2) Доколку друго лице ќе го поттикне да стори дисциплински прекршок или ќе му помогне во извршување на дисциплински прекршок, ќе се казни како истиот тој да го сторил дисциплинскиот прекршок.

**член 6**

Доколку се утврди одговорност на сторителот за повеќе дисциплински прекршоци, се изрекува единствена дисциплинска мерка.

**член 7**

При изборот на дисциплинска мерка и утврдување на нејзиниот степен, мора да се земат предвид олеснителните и отежнителните околности.

**член 8**

(1) Постапката не може да се поведе ако од денот на дознавањето на дисциплинскиот прекршок до денот на поднесувањето на пријавата до надлежниот орган поминало повеќе од една година.
(2) Дисциплинска мерка не може во никој случај да се изрече ако изминале две години од денот на дисциплинскиот престап.

## II. ВИД И ВИСИНА НА КАЗНИТЕ

**член 9**

(1) За поединечни дисциплински прекршоци на Водичот на ФПСМ може да му се изречат следните дисциплински мерки:

- опомена,
- забрана за потпишување извештаи за приправнички акции, и
- бришење на Водичот на ФПСМ од списокот на регистрирани Водичи на ФПСМ на одредено време,
- одземање на лиценцата во исклучителни ситуации со тешки несакани последици.

**член 10**

Дисциплинската мерка бришење на Водичот на ФПСМ од списокот на регистрирани Водичи на ФПСМ и дисциплинската мерка забрана за потпишување извештаи за приправнички акции може да се изрече на одреден период. Тој период не смее да биде пократок од 1 (една) година но, не подолг од 5 (пет) години.

**член 11**

(1) Во случаи кога целта на казнувањето може да се постигне на друг начин, надлежниот орган може, во случаи кога тоа е оправдано со оглед на околностите на случајот, условно да го одложи извршувањето на изречената казна за период од 1 (една) до 5 (пет) години. Изречената дисциплинска мерка нема да се изврши доколку во тој период сторителот не го повтори истиот или не стори посериозен прекршок.
(2) При одлагање на извршувањето на дисциплинската мерка може да се определи и услов сторителот да исполни и други обврски што му се наметнати со решението за дисциплински прекршок, како што се:

- учество на сторителот на обуки поради усовршување до истекот на условната казна,
- завршување на дополнителни обуки под менторство на водич - инструктор на ФПСМ.

**член 12**

За дисциплинските мерки изречени според овој правилник се води евиденција. Евиденцијата ја води Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ и ЦСО.

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕКРШОЦИ

**член 13**

На водич на ФПСМ му се изрекуваат дисциплински мерки за следните дисциплински прекршоци:

- водење акција што ја надминува стекнатата категорија на лиценцирање,
- потпишување фиктивни (кои воопшто не биле извршени или не биле извршени во рокот наведен во извештајот) приправнички акции,

- потпишување завршени приправнички акции на кои водичот како ментор не присуствувал,
- лажно наведување на датумите за пријавување на акцијата,
- поради донесување погрешни одлуки или неточни инструкции на учесниците во акцијата која има негативни последици,
- поради некористење или немање соодветна опрема или водење на лица кои ја немаат потребната психо-физичка способност на планираната акција која има негативни последици,
- пишување лажни извештаи за настани на акцијата,
- несоодветно однесување кон водените лица или другите,
- прифаќање на плаќање што го надминува износот на соодветниот дневен надоместок и километражата за водење,
- како и други прекршувања на Правилникот за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија.

## IV. ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ И ИЗРЕКУВАЊЕ КАЗНА

### ДИСЦИПЛИНСКИ ОРГАН

**член 14**

(1) Дисциплинската постапка во прв степен ја води Дисциплинскиот комитет на Комисијата за планинарски водичи.
(2) По жалбата против решението на Дисциплинскиот комитет одлучува Центарот за Стручно Оспособување при ФПСМ.

**член 15**

(1) Член на дисциплинското тело ќе биде исклучен од одлучување ако е член на Комисиајта за планинарски водичи или член на планинарскиот клуб чиј водич е страна во постапка.
(2) Доколку се појават околности што предизвикуваат сомнеж за непристрасноста на член на Дисциплинскиот комитет, учесникот во постапката може да бара негово изземање до почетокот на дисциплинската постапка.
Доколку се појават околности кои предизвикуваат сомнеж за непристрасноста на член на Комисијата за планинарски водичи, учесникот во постапката може да побара негово изземање до почетокот на жалбената постапка.
(3) Одлука за исклучување на член на Дисциплинскиот комитет или на член на Комисијата за планинарски водичи донесува претседателот на Комисијата. Против решението на Претседателот на Комисијата на планинарски водичи нема право на жалба.
(4) По барање за изземање на Претседателот на Комисијата за планинарски водичи одлука донесува Комисијата за планинарски водичи како колективен орган.

### ВОВЕД НА ПОСТАПКАТА

**член 16**

Дисциплинската постапка се поведува врз основа на пријава која се доставува до Дисциплинскиот комитет при Комисијата за планинарски водичи.

### ПОСТАПКА

**член 17**

(1) Дисциплинскиот комитет мора да го извести наводниот сторител на дисциплинскиот прекршок за поведување на дисциплинска постапка и причините за

истата. Тој има право писмено да одговори во рок од 8 дена од приемот на известувањето.
(2) Во случај Дисциплинскиот комитет да утврди дека не е потребна дисциплинска мерка, ќе донесе решение за прекинување на дисциплинската постапка.
(3) Решението на Дисциплинскиот комитет на прекршителот ќе му се достави во согласност со Законот за општата управна постапка.
(4) За сите прашања во врска со постапката кои не се подетално уредени во овој правилник ќе се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

**ЖАЛБА**

**член 18**

(1) Против решението на Дисциплинскиот комитет со кое се изрекува дисциплинска мерка е дозволена жалба во рок од 15 дена од доставувањето.
(2) Жалбата писмено се поднесува до Центарот за Стручно Оспособување при ФПСМ.

**член 19**

(1) Центарот за Стручно Оспособување при ФПСМ одлучува по жалбата со решение со кое се потврдува решението на Дисциплинскиот комитет и жалбата се одбива или се уважува жалбата и се поништува решението.

**член 20**

Решението на Центарот за Стручно Оспособување при ФПСМ е конечно.

## V. ВОНРЕДНО НАМАЛУВАЊЕ НА КАЗНИТЕ

**член 21**

(1) Кога околностите укажуваат дека целта на казната е постигната, Комисијата за планинарски водичи може да ја намали дисциплинската мерка.
(2) Писмена иницијатива за вонредно намалување на казната може да поднесе планинарскиот клуб или прекршителот, ако е изминато најмалку половина од казната.
(3) Писмено барање за вонредно намалување на казната може да се поднесе еднаш годишно.
(4) Подносителот ја поднесува иницијативата во писмена форма со образложение до Комисијата за планинарски водичи и ЦСО.

## VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**член 22**

Овој Правилник влегува во сила 8 ден по негово објавување на веб-страницата на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија.

ФПСМ
Претседател
Зоран Читкушев